

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 1-8 април 2025 Билтен бр. 591**

# ЗАСАДЕНИ 59 ДРВЈА ВО ЧЕСТ НА ЖРТВИТЕ ОД ТРАГЕДИЈАТА ВО КОЧАНИ

**Основците од четврто до седмо одделение од ООУ „Братство“, во рамки на своето училиште денеска одржаа едукативна работилница, која се реализираше во соработка со Европската организација UNOPS-EU FOR CLEAN AIR и Првиот Скопски извиднички одред.**

**Притоа, четвртоодделенците изработуваа кућички за птици, петоодделенците решаваа еколошки тестови, шестоодделенците симулираа (изработија) еко-систем во тегла, додека пак седмоодделенците се натпреваруваа во популарната игра, џиновска „Џенга“.**
**По тој повод, Европската организација UNOPS и донираше на општина Карпош 80 садници од типот PLATANUS ORIENTALIS, а 59 садници од нив ќе бидат насадени во основните училишта а 21 садница во градинките низ Карпош, во чест на младите луѓе кои трагично ги загубија своите животи во катастрофалниот пожар во Кочани.**



# ЈАКИМОВСКИ: 700.000 ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ СЕ ЗАРОБЕНИЦИ НА НЕСПОСОБНОСТА НА ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ДА ЈА ОДРЖУВА ХИГИЕНАТА

**Цело Скопје е заробеник на неспособноста на ЈП Комунална хигиена да ја одржува хигиената на градот, обвини градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и побара со новиот закон за локална самоуправа ова јавно претпријатие да се подели меѓу општините во градот заедно со парите што ги плаќаат граѓаните за одржувањето на чистотата.**

**700.000 жители на Скопје се заробеници на ЈП Комунална хигиена. Имаше изговори дека за време на рамазанските празници помалку работат, дека треба да се стрпиме. По населбите каде што требаше да ги подигнуваат кантите, па и со недели дури не доаѓаа да ги земат. Ајде и тоа да го разбереме. Изгледа сега имаат добиено шеќерен шок од рамазанските пости и гледајте ова на што личи. Вака беше изминативе 30-40 години, очигледно вака ќе биде и во наредните 40 години благодарение на ЈП Комунална хигиена и благодарение на неодговорниот однос на владата која што очигледно прави измени на законот за локална самоуправа во кој најбитно било да се смени градоначалникот ама не е најбитно и да се решат проблемите. Ова е еден од најгорливите проблеми на Карпош и на Градот Скопје. Со новиот закон за локална самоуправа и територијална поделба на Град Скопје Комунална хигиена мора да се подели по општините и мораме да го решиме проблемот со одлагањето на сметот.**

**Јакимовски исто така бара и законски измени со кои ќе се казнуваат сите што не го фрлаат ѓубрето во канти, затоа што владее целосна општествена неодговорност. Градоначалникот апелира и до министерот за транспорт да не ги чува измените на законот за домување и да се донесе нов закон за комунална инспекција за конечно да се решат овие проблеми и Скопје да заличи на метропола. Малку почисто или малку понечисто било Скопје во изминатите 30 години без разлика кој градоначалник се наоѓа на власт. Ова градско претпријатие ниту може вака да функционира ниту ќе го исчисти градот. Да не зборувам за колективната хигиена која што ние како локална самоуправа во континуитет држиме некаде околу 90 одржувачи на хигиена. Во спротивно тешко нас. На што ќе ни изгледа општината и градот. Апелирам, измени во законот за локална самоуправа. Ова јавно претпријатие конечно да се подели на општините и да биде одговорноста на градоначалникот на општината. Овие луѓе што ја работат оваа работа немаат одговорност за тоа како ќе биде хигиената во градот Скопје и во општината Карпош. На крајот на краиштата, дали некој знае како се вика директорот на ЈП Комунална хигиена? Не. Затоа сите знаете како се вика градоначалникот и затоа градоначалникот треба да биде одговорен и средствата што се плаќаат за овој смет треба да доаѓаат до локалната самоуправа. Во исто време да го прашам министерот за транспорт и врски до кога мисли да ги чува измените на законот за домување, има ли намера да се донесе нов закон за комунална инспекција за овие работи конечно да ги разрешиме и да заличиме на метропола барем приближно на оние кои се во наше опкружување, а ни случајно да се споредуваме со метрополите од Европа и светот.**

# ПОВИК ЗА УПИС ВО РЕГИСТАР НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

**Општина Карпош ги повикува сите правни субјекти и физички лица кои вршат угостителска дејност на територија на општината, а кои сеуште не доставиле Барање за упис во регистарот, да го сторат тоа во најскоро време.**

**За упис во регистарот на правни субјекти покрај „Барањето за упис во регистарот на субјекти кои вршат угостителска дејност“ треба да бидат приложени и следните документи:**
**-пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално – технички услов**
**-доказ за сопственост доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби**
**-доказ за сопственост, или доказ за правото на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани**
**-доказ за платена административна такса во износ од 50 денари**
**За упис во регистарот на физички лица покрај „Барањето за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност“ да се приложат следните документи:**
**-доказ за платена административна такса од 50 денари**
**-доказ за сопственост.**
**Напомена: Куќите, апартманите и собите за одмор во кои се вршат угостителски услуги на сместување се категоризираат од страна на општината, а во градот Скопје од страна на градоначалникот на Град Скопје.**
**Правниот субјект или физичкото лице исто така треба да поднесат „Пријава за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време“.**
**Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош со назнака „За упис во регистар“.**
**За повеќе информации можете да се обратите на телефон:**
**Марко Петрушевски 078 486 063**
**Или на емаил: marko.petrusevski@karpos.gov.mk**

# ФИНАЛЕ ВО УЧИЛИШНАТА КОШАРКАРСКА ЛИГА

**Денеска се одиграа полуфиналните натпревари од училишната кошаркарска лига.**

**Во петок (11.04.2025) ќе се одиграат финалните натпревари, за трето место ќе играат ОУ ИПС – ООУ Владо Тасевски, а за прво место ќе играат ООУ Јан Амос Коменски – ООУ Петар Поп Арсов. Натпреварите ќе се играат во спортската сала “Партизан“.**



# ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗАСЕДАВАШЕ ПО ВТОРПАТ

**Во просториите на Универзитетот Скопје, Локалниот Совет за превенција (ЛСП) на Општина Карпош ја одржа својата втора седница, на која се расправаше за актуелната и безбедносната ситуација во локалната самоуправа. Во рамки на денешната седница со која раководеше градоначалникот Стевчо Јакимовски, присуствуваа и Јавниот Обвинител, Александар Маркоски, претставничката од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Наташа Никифоровиќ, службените лица од полициската станица Карпош, Главниот инспектор за превенција при СВР, Катерина Стојкова, претседателот на Советот, Бранко Ристов, советниците Добрила Андоновска, Татјана Стојановска, Гордана И. Велковска и Христо Саракинов, претставници од министерството за образование и од електронските и радио медиуми. Во оваа пригода, градоначалникот Јакимовски ги информираше присутните за фактичката состојба која ја констатираа инспекциските служби од Општина Карпош, откако неодамна извршија вонреден надзор над угостителските објекти од аспект на потребната документација, како и проверка на хидрантската мрежа и состојбата со противпожарни апарати во станбените згради на територија на локалната самоуправа. Оттука, првиот човек на Општината ја наметна темата за воведување на едукативни активности во основните училишта во Карпош, во поглед на справување со евентуалните безбедносни ризици кои можат да се појават во оваа средина. Притоа, присутните развија опширна дебата во која се разгледуваа повеќе конструктивни предлози, кои понатаму ќе се практикуваат во училишните и предучилишните установи во Карпош, во вид на стратегиии но и конкретни чекори во насока на општата безбедност. Во тој поглед, на седницата се говореше и за исполнување на законските обврски од областа на заштита и спасување, како и зголемување на нивото на безбедност во основните училишта и детските градинки кои се наоѓаат на територија на општина Карпош. Во насока на зголемување на општата безбедност, првиот човек на локалната самоуправа побара поголемо присуство на полициските службеници на теренот, со оглед на тоа што голем дел од урбаната опрема и од реквизитите кои ги поставува општината во рамки на детските игралишта, се честа мета на вандалско однесување. Во текот на расправата, советниците од Карпош алармираа за преземање на неопходни мерки во поглед на сигурноста во сообраќајот од аспект на распоредување на соодветна сигнализација, редовно обележување на пешачките премини и поставување на семафори на најкритичните точки на коловозот низ Карпош.**

